Форум социјална демократија
Визии и опции за Југоисточна Европа

# 5

# Унгарски немири

## симптом на централноевропската криза на пристапување кон Европската Унија



FRIEDRICH EBERT STIFTUNG

*Што претставува социјалдемократијата во денешниот глобализиран свет? Што претставува социјалната демократија?*

*Дали е сé уште присутен интересот на граѓаните за политиката во доволна мера? Дали може повторно да се поттикне?*

*Дали се компатибилни стопанската динамика и социјалната правда? Кои конкретни политики се покажаа како остварливи? Колку беа успешни?*

*Овие и други прашања се релевантни во сите региони на светот. Со серијата публикации „Материјали за социјалната демократија“, Фондацијата Фридрих Еберт сака да даде придонес во дебатата на овие теми во Југоисточна Европа. Публикациите се проследени со Интернет-форумот www.forum-social-democracy.org. Ги покануваме сите читатели да учествуваат активно во овие дебати.*


**Фондација Фридрих Еберт**
**Канцеларија во Белград**
Шимина 1
11000 Белград
Србија

**Фондација Фридрих Еберт**
**Канцеларија во Скопје**
Бул. „Св. Климент Охридски“ 21/1
1000 Скопје
П. Фах. 423
Македонија

**Фондација Фридрих Еберт**
**Канцеларија во Сараево**
Сумбула Авде 7
71000 Сараево
Босна и Херцеговина

**Фондација Фридрих Еберт**
**Канцеларија во Белград**
Прашка 8
10000 Загреб
Хрватска


- *Текстот е објавен и на македонски, албански, бугарски и романски јазик*
- *Сите текстови можете да ги најдете на Интернет: www.fes.org.yu*

FRIEDRICH EBERT STIFTUNG

*Михаел Ерке*

# Унгарски немири
## - симптом на централноевропската криза на пристапување кон Европската Унија?

Немири во Унгарија, пад на владината коалиција во Полска, непресметлива коалициска влада во Словачка, непостоење на влада во Чешка: централноевропските земји-членки на Европската Унија дури две години по пристапувањето минуваат низ тешки внатрешно-политички турбуленции, кои укажуваат на тоа дека целиот регион се наоѓа во постпристапна криза (*post-accession crisis*) (Atilla Agh). Со пристапувањто кон Европската Унија, заврши еден 16-годишен процес на трансформација. Меѓутоа, со тоа се создаде еден своевиден политички вакуум бидејќи политичките елити веќе немаат нов “проект” кој би можеле да му го понудат на своето население. Пристапувањето кон Европската Унија не му ги подобри брзо или доволно очигледно животните услови на мнозинството. Се случи токму спротивното: членството во Еврозоната е денес на дневниот ред, но не како опција, туку како составен дел на условите за пристапување. Предуслов за ова е исполнувањето на критериумите од Мастрихт, а со тоа и една политика на стабилизација, која – како што покажа унгарскиот пример – може да има тешки социјални последици. Унгарија има авангардна улога во Централна Европа од двоен аспект, како на економско-структурно, така и на политичко рамниште.

- Земјата, која е предводник на приближувањето кон Европската Унија најдалеку напредна во модернизацијата на својата производствена структура преку директни странски инвестиции. Унгарија едновремено го има најголемиот државен буџетски дефицит не само во регионот, туку во целата Европска Унија. Меѓутоа, ова не е парадокс, туку неизбежна последица. Буџетскиот дефицит не се должи на заостанувањето, туку на напре-докот на земјата.
- Од политички апект, Унгарија на прв поглед е најстабилната централноевропска земја. Партискиот систем е консолидиран, постојаните процеси на политичко расформирање, преформирање и новоформирање, проблематичните коалиции, кои се карактеристични за Полска, Чешка и Словачка, веќе не се присутни во Унгарија. Едновремено Унгарија е досега единствената нова земја-членка на Европската Унија, во која политичкиот протест против владата, против програмата за економска консолидација и против Европската Унија се разреши со сила. И овде не станува збор за парадокс, туку за последица: политичката консолидација на институционално ниво беше придружена од процес на политичко-социјална дезинтеграција, кој во Унгарија е далеку понапреднат отколку во нејзините цетралноевропски соседни земји.

# Економската димензија: Како се создава буџетски дефицит?

"Говорот за лагите" на премиерот Ференц Ѓурчањи, кој ги предизвика септемвриските немири во Будимпешта, во меѓународните медиуми во меѓувреме почна да важи за херојски чин, кој ѝ помогна на вистината да избие на површина и кој би требало да претставува пример за сите централноевропски земји, според пишувањето на весникот *Економист*. Со помошта на Ѓурчањи, во меѓународни рамки завладеа мислењето дека унгарскиот, одн. посткомунистичкиот капитализам општо претставува прилично удобно економско уредување, во кое граѓаните и натаму од државата очекуваат решенија за проблемите и социјални услуги, без притоа лично да дадат какви било услуги, кои би биле прикладни за една модерна економија која е сообразена со стандардите на Европската Унија. Додека на Унгарија и на другите нови земји-членки до неодамна им се замеруваше за гревот на социјалниот дампинг (*dumping*), политиката на ниски плати, даноци, социјални давачки и придонеси, кои го поттикнуваат дисцолирањето на работните места од Стара Европа и ги минира тамошните социјални стандарди, оваа држава одеднаш важи за ексцесивна социјална држава, која на сметка на финансиската стабилност ги опсипува своите граѓани со економски неоправдани добротворни дела.

Ова ново мислење не ѝ одговара на реалноста. Така на пример, здравствениот систем, кој според еден германски коментатор наводно е „сеопфатен и евтин", е еден од најлошите во Европа. Пензиите, по правило, не го надминуваат износот од 200 евра. Индиректните даноци, стапките на персоналниот данок и социјалните давачки се високи. Унгарската социјална држава е нетранспарентна и некохерентна (и има потреба од реформа), но во никој елучај не е великодушна. Државниот буџетски дефицит не произлегува во прв ред од претерани добротворни дела спрема населението, кое конпее по "гулаш-комунизмот". Тоа не е наследство од комунизмот, туку функција на унгарскиот економски модел: модернизацијата на производстствените структури преку странски директни инвестиции.

# Расходи: државниот буџет и економскиот процес на надоместување на пропуштеното

Унгарија мора да се заложи за економско приклучување кон Европската Унија, а тоа значи: таа мора да оствари брз растеж, не само во сопствен интерес, туку во интерес на цела Европа. Од овој императив за растеж произлегува голем притисок врз државните расходи:

- Сите нови земји-членки на Европската Унија мораат да ги приспособат инфраструктурите и управата кон стандардите на Европската Унија. Тоа значи големи инвестиции, меѓу другото, во сообраќајната инфрастуктура, обрзованиот систем, државната и локалната управа итн.

- Новите земји-членки мораат да го намалат не само економскиот, туку и социјалниот дефицит. Поради тешките животни услови на големи делови од населението, што е резултат на тешкиот процес на приспособување во текот на 16-годишната трансформација, социјалните расходи на државата не се диспозитивна маса, со кои би можело да се располага слободно во интерес на макроекономската стабилност.

# Приходи: опачината на моделот на успешна реиндустријализација

Главниот проблем на унгарскиот државен буџет се состои во приходите. Државата не располага со средствата, кои ѝ се потребни за исполнување на развојните задачи. Слабоста на државата во однос на приходите претставува функција на економскиот модел, кој во суштина се темели врз привлекувањето на странски директни инвестиции. Околу 50 проценти од унгарскиот социјален производ и над 70 проценти од извозот ги остваруваат странски претпријатија. Најголемиот дел од производството на странските претпријатија е наменет за извоз. Поради тоа, најголемиот и најбрзо растечкиот сегмент на унгарската економија е дел од производствените и продажни мрежи на транснационалните претпријатија. При тоа, технолошкото ниво на извозот (електроника, автомобили и делови за автомобили) во голем дел одговара на технолошкото ниво на увозот. Овој успех има своја цена. Многу претпријатија се лоцираа во Унгарија бидејќи државата им понуди цела низа поволности, меѓу другото, даночни олеснувања или ослободување од данок. Оваа практика се ограничи со членството на Унгарија во Европската Унија. Меѓутоа, и без оглед на државните даночни привилегии, меѓународните претпријатија располагаат со можности да го избегнат плаќањето на даноците: најголемиот дел од унгарската надворешна трговија претставува т.н. intracompany-trade, одн. трговија меѓу филијалите на исто претпријатие кои се сместени во различни земји. Во оваа форма на трговијата, цените на извозните и на увозните зделки не се пазарни цени, туку, во интерес на претпријатието, се калкулирани цени на трансфер, кои можат да се одредат така што претпријатието нема да покаже или ќе покаже незначителна добивка, па затоа нема да мора да плати даноци или ќе може да плати мошне ниски даноци. Од тоа произлегуваат две можности: или даноците што реално мораат да се платат во Унгарија, се екстремно ниски, така што претпријатието ја прикажува добивката во Унгарија, или, пак, тие се повисоки отколку во другите држави, па претпријатието преку цените на трансферот ја изнесува добивката надвор од Унгарија. Во двата случаи, јавните услуги, кои ги користи претпријатието, се повиски од сумата, која мора да ја плати како противуслуга во вид на данок. Во двата случаи, претпријатието се субвенционира од даночните обврзници. – Фактот што претпријатијата, кои работат на меѓународен план, во особено голема мера користат даночни привилегии или ги избегнуваат даноците, не е карактеристика само на Унгарија, туку претставува светски тренд. Меѓутоа, за Унгарија е карактеристичен невообичаено високиот удел на таквите претпријатија во создавањето на добрата, а со тоа и во квантитативната димензија на избегнувањето на даноците.

# Државниот буџетски дефицит и локалното стопанство

Последица од брзата интернационализација на стопанството претставува нејзиното хетерогенизирање. Локалните индустриски претпријатија, кои во прв ред произведуваат за внатрешниот пазар, трговците на мало, занаетчиите, градежништвото, традиционалните услуги итн., кои не ги уживаат државните повластици, не можат да држат чекор со динамиката на интернационализираниот сегмент. Зад успехот на интернационализацијата се крие опачината на локалната економија, која во голем дел работи под тешки услови. За претприемачите, ситните стопанственици и работниците на оваа заостаната локална економија, избегнувањето на овие формално високи даноци, придонеси и давачки е услов за економско преживување. Голем дел од локалната економија претставува сива економија, поради што по дефиниција е изземен од оданочувањето, додека другите делови се движат во сивата зона со различен интензитет. Не само што милионерите се декларираат пред даночните органи како лица без приходи или како примачи на минимални плати, туку околу 40 проценти од работниците кои се вработени во официјалната економија (значи не во сивата економија) официјално ја примаат само минималната плата, која е ослободена од даноци и давачки. Работодавачот ја зголемува оваа плата “под рака” со непријавени доплати во готово, кои се исто така ослободени од данок и од давачки. Истите овие работници – милионерите без приходи – ги користат услугите на државата, како на пример, здравствениот систем. Базата за државните приходи, значи, се поткопува од две страни: модерниот сегмент, кој работи на меѓународен план, може да ја лиши државата од даноци, додека заостанатиот “остаток” на економијата мора да ја лиши државата од даноците.

# Политичката димензија: Како доаѓа до немири?

На успешната интернационализација на унгарската економија ѝ одговара секторска, социјална и регионална хетерогенизација и - како една од нејзините последици - ерозија на базата за државни приходи. Паралелно со ова, на консолидацијата на политичкиот систем, која е на прв поглед успешна, ѝ одговара процес на социјална и политичка дезинтеграција. На социјално ниво, овој процес се огледува во распаѓањето, маргинализацијата или инструментализацијата на организациите кои ги застапуваат социјалните интереси, граѓанските иницијативи, невладините огранизации итн; на политичко ниво, тој се огледува како фундаментален губиток на довербата во демократските институции, кој во прв ред се должи на ексцесивната поларизација на политичките блокови.

# Политичката поларизација и културни политики (cultural politics)

Во амбиент на поларизацијата, политиката се дегенерира во разорна војна на двајца непомирливи противници. Нејзиниот механизам се културните политики (cultural politics), кои во прв ред ги применува кон-зервативната граѓанска партија ФИДЕС. Културните политики (cultural politics) значи дека сите политички опции и проблеми веднаш се креваат на највисокото ниво на ”најсуштествените прашања” – каде што се работи за сé или ништо – на крајот на краиштата за идентитетот на унгарската нација. Оваа политика, по дефиниција, е затворена за секоја можност за компромис и консензус, таа познава само подлеци и херои, лојалност и предавство. Таа не му се обраќа на граѓанството – во Унгарија речиси не се развиени граѓанските традиции, - туку им се обраќа на масите на губитниците при трансформацијата и глобализацијата, кои се поврзани со ФИДЕС, од една страна, преку една “лево ориентирана” економска и социјална политика, а од друга страна, преку една десно ориентирана и религиозно обоена политика на идентитет. При тоа, границите меѓу ФИДЕС (и неговата база) и унгарскиот десен екстремизам се пропустливи. Сврзувачки елемент претставува реинсценирањето на историјата, поврзувањето на политичките секојдневни прашања со големите митови, битки и херои на минатото.

Меѓутоа, и левицата спроведува културна политика (cultural politics). Таа се презентира како бранител на надворешните притисоци – на Европска Унија и на меѓународниот капитал. Таа не се обидува да ги исполни барањата на надворешниот свет така што тие ќе бидат усогласливи со потребите на унгарското општество - што би требало да биде суштинска задача на политиката – туку самата му придава политичко значење на приспособувањето (на прекумерното приспособување). Така на пример, програмата за штедење, на која се должат немирите, во помала мера се образложува со економски податоци и факти отколку со неопходноста да се воспита унгарскиот народ во смисла на модерниот капитализам. Тајната културна програма на левицата и на либералите е западноевропеизација по секоја цена – значи, исто така една културна програма.

# Актери на немирите

Носителот на социјалните и политичките немири во Унгарија е екстремната десница. Критиката на глобализацијата и на капитализамот во Унгарија ја артикулира десницата (не постои екстремна левица). Ова важи и за најновите немири, чии носители беа две групи актери:

- Авангардата на насилството беше една лесно мобилизирачка маса декласирани млади мажи (претежно фудбалски хулигани), кои одржуваат близок контакт со десно ориентираните радикали.
- Центарот што го организира протестот, беа десно ориентираните радикали, кои се хранат со нерешените проблеми на националната историја. Водечките организации “Jobbik” (“Уште подесно”), “64-те жупании” и “Движењето за Слободна Унгарија” (“слободна” од Европската Унија) немаат никаква улога при изборите, но нивниот поглед на светот и на историјата наидуваат на извесна симпатија кај голем дел од населението (меѓу другите, и кај базата на ФИДЕСЗ).

Меѓутоа, за тоа што од самообвинувањето на Премиерот, кое беше поврзано со ветувањето дека тој ќе се подобри, произлезе најтешката политичка криза на Унгарија од пресвртот во 1989/90 година, не е одговорна самата радикалната десница, туку општата клима на политичката поларизација. Експлозивноста на унгарската клима произлегува оттаму што една конзервативна партија, која претставува речиси половина од унгарското население, соработува со радикалната десница, спремна за насилство, на која така ѝ создава простор за дејствување. Тоа значи дека протестот стана политичка криза поради однесувањето на ФИДЕС. ФИДЕС не гледаше и не гледа во протестот на радикалната десница опасност за демократскиот поредок, туку шанса на крајот сепак да победи на штотуку изгубените априлски избори. Кога ФИДЕС би успеала да ги претвори локалните избори од 1ви октомври во референдум против избраната влада, тогаш би успеала да го изедначи протестот на радикалната десница, вклучувајќи ги и насилничките испади, со легитимната волја на народот.

## Поуки за централна Европа - и за Европската Унија

Елементите на унгарската криза се присутни во цела Централна Европа. Сите земји во регионот имаат заедничка појдовна состојба: пристапувањето кон Европската Унија, крајот на европскиот наратив, претстојното пристапување кон Еврозоната и притисокот на Европската Унија за почитување на критериумите од Мастрихт; економскиот модел, чија најдинамична компонента се странските инвестиции и кој е “објективно” поврзан со ниски даночни приходи и со високи барања во однос на државниот буџет; како и хетерогенизацијата на економијата и на општеството, која е придружен елемент на интернационализацијата. На цела Централна Европа заеднички ѝ се и политичките рамковни услови: силната политичка поларизација врз основа на националната и верската потрага по идентитетот; доминацијата на културните политики (cultural politics), т. е. директната испреплетеност на политичките прашања со најсуштествените вредности на националниот идентитет; конзервативизмот без граѓански традиции и без база, кој пред сѐ ги мобилизира губитниците при трансформацијата; и на крајот агресивниот потенцијал на декласираната маса насилни млади мажи.

Кога и од кој повод овие елементи ќе се претворат во експлозивна критична маса, ќе биде различно од земја до земја. Дека такво нешто е можно, покажува примерот на Унгарија како предводник. Во оваа ситуација, однесувањето на целата Европска Унија придонесува за заострување на кризата. Европската Унија не е само неспособна да дејствува во смисла на ублажување на конфликтот, кој не е само внатрешен, туку е поврзан со пристапувањето на нејзината нова членка, туку ја заострува ситуацијата, извлекувајќи погрешен заклучок од референдумот од 2005 година, и токму на своите нови и најмалку консолидирани членки им наметнува особено строги обврски (од кои богатите членки-основачи, по правило, се поштедени). Онака како што референдумите во Франција и Холандија не беа само француски и холандски проблем, туку проблем на Европската Унија, така и актуелната криза на периферијата не е само унгарски проблем, туку - како своевиден пандан на референдумите - претставува огледало на кризата на Европската Унија. Најголемиот проблем во регионот е можеби фактот што ова не се согледува.

### Досегашни изданија на серијата публикации „Визии и опции за Југоисточна Европа“

| | |
|---|---|
| 1. Влијанијата на ЕУ врз Европскиот социјален модел и врз социјалното единство ***Лотар-Вите - д-р Хајнрих Засенфелд*** | http://www.fes.org.yu/thira_files/publikacije/2006/10.EvropskiSocijalniModel.pdf |
| 2. Новата политичка економија на европскиот социјален модел (модели) ***Патрик Дијамонд*** | http://www.fes.org.yu/thira_files/publikacije/2006/25.Nova_politicka_ekonomija.pdf |
| 3. Европски стопански и социјален модел ***Мариус Бусемаер, Кристијан Келерман, Александар Петринг, Андреј Штухлик***[1*] | http://www.fes.org.yu/thira_files/publikacije/2006/26.Evropski_privredni_i_socijalni_model.pdf |
| 4. Социјалдемократска програматика по проширувањето на Европската Унија ***Кристоф Цепел*** | http://www.fes.org.yu/thira_files/publikacije/2006/27.Socijaldemokratski_program_nakon_prosirenja_Europske_unije.pdf |

### Досегашни изданија на серијата публикации: „Материјали за социјалната демократија“

| | |
|---|---|
| Социјалнодемократската партија на Германија (SPD) и медиумите ***Ања Круке*** | www.http://www.fes.org.yu/thira_files/publikacije/2005/19.gledati%20svet%20iznova.pdf |
| За модернизацијата на Берлинската програма – без лажен пиетет! ***Фриц В. Шарпф*** | http://www.fes.org.yu/thira_files/publikacije/2005/20.za%20modernizaciju%20berlinskog%20programa.pdf |
| Една година подоцна: Источна и Средна Европа во кризата на пристапувањето кон ЕУ ***Михаел Ерке*** | http://www.fes.org.yu/thira_files/publikacije/2005/21.godinu%20dana%20posle.pdf |
| За флексибилноста на Пактот за стабилност ***Ангелика Швал-Дирен*** | http://www.fes.org.yu/thira_files/publikacije/2005/22.fleksibilna%20primena%20umesto%20striktnog%20pridrzavanja.pdf |
| Капитализамот и социјалното пазарно стопанство ***Иринг Фечер*** | http://www.fes.org.yu/thira_files/publikacije/2005/23.kontroverze.pdf |
| Социјалистичката Интернационала и глобалната демократија ***Кристоф Цепел*** | http://www.fes.org.yu/thira_files/publikacije/2005/12_socijalisticka_internacionala_i_%20globalna_demokratija.pdf |
| Либералната илузија по изборите: Заеднички пазар без политичка унија ***Михаел Даудерштет*** | http://www.fes.org.yu/thira_files/publikacije/2005/13_liberalna_iluzija_posle_odrzanih_referenduma.pdf |
| Нови акценти во социјалната политика ***Волфганг Шредер*** | http://www.fes.org.yu/thira_files/publikacije/2005/26.novi%20akcenti%20u%20socijalnoj%20politici.pdf |
| За користа на големата коалиција во преодните периоди ***Клаус Шенхофен*** | http://www.fes.org.yu/thira_files/publikacije/2005/27.stabilnost%20u mesto%20zatisja.pdf |